Друштво за градежништво
БЕТОН АД
Бр. 09-22154
17.12.2013 год.
СКОПЈЕ

# ДОГОВОР

## за купопродажба на миниран камен -варовник

**Склучен помеѓу:**

1. **БЕТОН - ПРО ДОО Скопје**- со седиште на ул.Јуриј Гагарин бр.15 Скопје со ЕМБС 6807720 **застапуван од Управителот Жикица Младеновски** во натамошниот текст - **ПРОДАВАЧ**

2. **ДГ БЕТОН АД Скопје** со седиште на ул.Миле Поп Јорданов бр.32а Скопје со ЕМБС 5079888 **застапуван од Генералниот директор Дејан Нешковиќ** во натамошниот текст - **КУПУВАЧ**

**Член 1**

Со овој Договор договорените страни ги уредуваат меѓусебните права и обврски кои произлегуваат од продажбата и транспортот на суровината-минираниот камен(варовник) од локацијата Каменолом КРАСТА Општина Куманово.

**Член 2**

Договорените страни ја утврдија продажната цена на минираниот камен-варовник, со вклучен натовар на локалитетот Краста во износ од 80,00денари по тон без вклучен ДДВ, со тоа што транспортот на истиот паѓа на товар на Купувачот ДГ Бетон АД Скопје.

**Член 3**

Цената на минираниот камен - варовник кој е предмет на овој Договор Купувачот се обврзува да ја плати во рок од 15 дена од денот на доставувањето на Фактурата од страна на продавачот.

**Член 4**

Купувачот се обврзува да обезбеди на свој трошок стручна работна рака,потребна механизација и потрошен материјал (гориво,мазиво и резервни делови)за вршење на транспортот на минираниот камен-варовник од локацијата каменолом Краста.

**Член 5**

За се што не е предвидено со овој Договор,важат одредбите од Законот за облигациони односи.